Универзитет "Св.Кирил и Методиј" во Скопје
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

KOSTAL

ESTIEM LG Skopje

# ПОКАНА ЗА УЧЕСТВО НА НАТРЕВАР

T·I·M·E·S
Tournament in Management and Engineering Skills

Пријавете се на Натпреварот за инженерски и менаџмент вештини кој под покровителство на **KOSTAL**, а во организација на **Машинскиот факултет** и **ESTIEM – LG Скопје**, ќе се одржи на **21.12.2022 г. (СРЕДА)** во просториите на компанијата во Охрид.

**TIMES** (**T**ournament in **M**anagement and **E**ngineering **S**kills) е најголемиот европски натпревар за студија на случај наменет за студентите од инженерските факултети. Финалето на овогодишниот натпревар ќе се одвива во Севилја, Шпанија (каде што за тимот кој ќе стигне до финалето сите трошоци за пат и за сместување се покриени).

Тимовите треба да бидат составени од **3 или 4 членови**, а ве охрабруваме групите да бидат мешани – со студенти од различни насоки на Машинскиот факултет. **Сите членови на тимот треба да го пополнат овој ФОРМУЛАР.** Пријавувањето на тимовите е до САБОТА 17.12.2022 г.

Презентација со подетални информации за натпреварот може да најдете на следниот линк:

https://drive.google.com/file/d/1cXqIgiVlYm8QlsTDQFkbkVtPNE7IcCqA/view?usp=sharing

Специјализирана обука поврзана со методи и техники за решавање на студија на случај за пријавените тимови ќе се реализира на **17.12.2022 г. (САБОТА) во просторија F2-4 (кај спортската сала) во период 11.00 – 14.00.**

Организиран превоз до Охрид и назад е обезбеден од страна на KOSTAL.

Агенда за натпреварот **Среда**, **21.12.2022**

07:00 – 10:00 – Патување од Скопје (Машински факултет) до Охрид

10:00 – 11:00 – Обиколка на КОСТАЛ

11:00 – 13:00 – Решавање на задачи

13:00 – 13:30 – Пауза за ручек

13:30 – 16:00 – Решавање на задачи

16:30 – 17:00 – Презентација на резултатите

17:00 – 17:30 – Преглед на резултатите

17:30 – 18:00 – Прогласување на победникот

18:00 – заминување кон Скопје

Проф. д-р Радмил Поленаковиќ ќе ја реализира обуката и ќе ги придружува тимовите во КОСТАЛ.

Доколку имате дополнителни прашања обратете се на: estiemlgskopje22@gmail.com
или lr.skopje@estiem.org